# Што е резиме и како се составува резиме за вашето професионално искуство?

**Три правила на Резиме**

- 1 страна
- Искуство и успех
- Професионални и етички квалитети

**Пет Причини зошто резимето е многу важно:**

5. Резимето го дава вашиот прв впечаток
4. Ќе бидете прашани за се што пишува на резимето
3. Одлуката после интервју ќе зависи и понатаму од резимето
2. Резимето ќе се предава за препораки
1. Резимето е ваш траен и жив документ за кариерата

Пред да го почните резимето, размислете:

- Кој е „купецот„ за вашето резиме
- Каква индустрија, фирма и позиција
- Кои се вашите предности
- Какви релевантни знаења и искуства нудите
- Дали имате соодветни односи или врски што му помагаат на „купецот„
- Дали гледате некои ваши слабости што треба да ги неутрализирате

**Што бараме во Кабинетот за странски инвестиции од Вас**

Нас ни треба некој што многу лесно и доверливо ќе дискутира со шеф на странска фирма (CEO, VP, Director, итн) со цел да се решат нивните потреби околу инвестирање во Македонија; некој со следниве квалитети:

- Иницијатива и Раководство
- Одлична лична и групна комуникација и презентација
- Способност да дискутирате со врвот на фирмите, домашни и странски
- Стратешко размислување со тактичка длабочина
- Квантитативни и аналитчки способности (оценки, натпревари, резултати, итн)
- Фокус на резултати
- Спортски дух и тимска определба

**Формат на резиме**

Многу е важно во целост да ги следите информациите подолу за стандардниот формат на резиме. Резиме *не е* CV (Curriculum Vitae). Резиме е секогаш **максимум 1 страна**. Секое резиме што има повеќе од една страна *ќе биде одбиено*.

Ако сте во образовна институција или пак само што дипломиравте, ставете го образованието први. Во спротивно, професионалното искуство, воназаден хронолошки редослед, се става прво. Имајте ги следниве клучни информации:

- Име, лични податоци и контактни информации
- Образование, просек на оценки, хонорарни награди, стипендии, академски натпревари
- Професионално искуство, фирма, локација, дати, позиција, одговорност, успех и резултати
- Дополнителни информации, доколку мислите дека се важни и релевантни

Фонтови и стил: земете во предвид практичност и релевантност, отколку вашиот креативен стил. Чисто, концизно и јасно резиме е главна предност и ви ги става на прв план вашите способности да комуницирате.

**Образование**
Покрај основните податоци, се разбира, завршени и незавршени дипломи или студии, важно е да видиме какви се вашите резултати и академска трудољубивост. Кој е вашиот просек на оценки, дали сте учествувале на академски натревари, какви резултати сте постигнале, какви раководствени, тимски и други одговорности сви превзеле, кои биле вашите успеси и сл. Исто така, ако имате учено на странски или домашен факултет, пишете ги резултатите од стандардните тестови (SAT, GMAT, GRE, LSAT, TOEFL, итн).

**Професионално Искуство**
Цел во овој дел е да ни покажите дека сте способни да ја одвивате фукнцијата која се бара, те, да истакнете ги способностите што лесно се трансферираат во друга позиција.

На пример: Вие сте

- Анализирале, раководеле, управувале, преструктурирале, иницирале, развиле модел, продавале, развиле стратегија, итн.

А не:

- Што работевте, за што бевте одговорни, или за што служевте, или за што помагавте,...

Значи, покажете ни го:

- Вашето постигање и успех,
- Вашите резултати, синтетиризани за клучните работи
- Користете активни глагои, конкретни бројки, и обичен јазик

А, не не заморавајте со листа на одговорности, параграфи со приказки, или литературни изрази или кратенки.

Со овие параграфи се покажува постигнување и резултат:

„Разиви трајни деловни партнерства со добавувачи на ...„
„Управував со мулти-дисциплинарен тим со кој успеавне да ...„

Најлесно ќе го прикажите успехот преку дефинирање на следниве 3 точки: **Контекст**, **Акција** и **Резултат**, низ вашето резиме, како на пример:

„Управував со 5-член тим за најважните купувачи (**Акција)**, во сервисниот оддел при XX Банка (**Контекст)**, а при тоа зголемувајќи ја нивната задоволеност за 5% и нивниот приход за 25% во рок од 1 година (**Резултат)**.„

На крај, бидете спремни да одговорите за се она што го пишува во резимето и да дообјасните како сте го постигнале успехот.

**Дополнителни Информации**
Прикажете вон-школски или вон-професионални искуства, хоби, активности или интереси, јазици и сл. Цел е да добиеме комплетна слика за вас како личност.

**Прв пристап**
Почнете да работите на вашето резиме сега. Тоа трае подолго време, но умешноста ќе ви помага насекаде. Проверете го резимето повеќе пати и побарајте други да ви го прочитаат и да ви го критикуваат. Точноста,

граматичката коректност, и немање на грешки се минимум стандард. Оние резимиња со грешки ќе бидат веднаш одбиени.

Странските јазици се многу важни во КАБИНЕТОТ ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ, а ќе даваме голема предност на оние што ќе покажат одлично изработено резиме а посебно на англиски јазик. При првиот пристап кога доставувате резимете (email или писмо), пишете 1 пасос за она што е клучно во вашето резиме. Не ни го повторувајте резимето.

Пример на резиме:

EUGENE H. HUANG
5050 S. Lake Shore Dr., Apt. 1407
Chicago, IL 60615
(773) 555-1234 ehuang@uchicago.edu

**EDUCATION**

**MIDWAY SCHOOL OF BUSINESS** - Chicago, IL
***Master of Business Administration - Finance and Strategic Management*** - June 2001

- Dean's Honor List
- Active member of Management Consulting, Corporate Management and Strategy, and High Tech Clubs.

**ANDERSEN COLLEGE** - Boston, MA
***Bachelor of Arts in Physics (Cum Laude)*** - June 1996

- Andersen College Scholarship for academic distinction; Dean's List all semesters
- Violinist in Andersen College Symphony
- Physics tutor for Bureau of Study Counsel; active participant in Habitat for Humanity
- Completed dissertation in the field of condensed matter theory

**EXPERIENCE**

**SMART BROTHERS** - New York, NY
***Technology Project Manager - Investment Banking*** - June 1997 - July 1999

- Managed project teams to develop profit and loss systems for Proprietary Trading group
- Promoted to project leadership role in two years, well ahead of department average of four
- Developed an original mathematical algorithm for trading processing module, improving performance by 1200%
- Led team of six analysts in firmwide project to reengineer loan syndicate trading flows in firm's largest technology project of 1999. Recommendations established new firmwide standard for real-time trade processing
- Appointed lead developer of interest accrual team after just three months in department. Initiated and designed project to create customized, improved interest accrual and P&L applications for fixed income controllers
- Selected to work on high-profile project to reengineer corporate bond trading P&L system. Reduced overnight processing time from six hours to 20 minutes and improved desktop application speed by 350%
- Devoted 20-25 hours a month to instructing junior members of the team in interest accrual and trading

**FINANCIAL TECHNOLOGY GROUP** - New York, NY
***Analyst*** - June 1996 - May 1997

- Developed cutting-edge analytic software for use by Wall Street traders

- Worked on a daily basis with clients to create and implement customized strategic software solution for equity traders. Helped create and deliver extensive training program for clients
- Initiated, created, and documented new firmwide standard for software module development

**OTHER**

- Winner of Mastermaster.com stock trading competition in November 1997. Won first place out of over 1,600 entrants worldwide with one-month return of 43.3%.
- Other interests include violin, soccer, and the harmonica
- Recent travel to Yemen, Egypt, and Venezuela

Ако сакате повеќе примери и упатства, упатете се на следните адреси на интернет
Примери на професионални резимиња:
http://www.vault.com/nr/ht_list.jsp?ht_type=8
http://www.mbagameplan.com/mba_resume_samples/MIT_Sloan_Resume_After.html
http://waltoncollege.uark.edu/careerdevelopment/default.asp?show=resumes
http://waltoncollege.uark.edu/careerdevelopment/files/2.pdf

Инструкции има погоре а и на следниве линкови
http://owl.english.purdue.edu/workshops/hypertext/ResumeW/
http://www.mbagameplan.com/mba_resume_samples/